Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# БАРАЊЕ
# за даночно ослободување за воведен фискален систем на опрема

**ДД-07**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Датум и број на прием: 

Единствен даночен број: 

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт: 

Телефон: 

е-пошта: 

Даночен период

од: __ . __ . ____

до: __ . __ . ____

Рок за поднесување: __ . __ . ____

## ПОДАТОЦИ ЗА ВОВЕДЕН ФИСКАЛЕН СИСТЕМ НА ОПРЕМА

| Бр. | Вид на апарат | Опис на апарат | | |
|---|---|---|---|---|
| | Број на решение | Датум на решение | Износ (набавна вредност со/без ДДВ) | |
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |
| 4. | | | | |
| 5. | | | | |
| 6. | | | | |
| 7. | | | | |
| 8. | | | | |
| 9. | | | | |
| 10. | | | | |
| Вкупен износ на даночно ослободување: | | | | |

## ПРИЛОЗИ

☐ Решение/ја за регистрација на фискален систем на опрема ("ФА-02/1") од УЈП

☐ Фактура/и за извршена набавка на фискалниот систем на опрема

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

Име и презиме: 

Потпис и печат: М.П.

Својство: 

Датум на поднесување: __ . __ . ____

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

Барањето се поднесува за даночниот период, во кој одобрениот систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања е набавен и воведен во употреба, пред поднесувањето на образецот "ДБ" во кој се остварува правото на намалување на данокот.

Барањето се доставува најдоцна до 20 јануари во годината што следи по годината во која е извршена набавката и воведувањето на одобрениот фискален систем на опрема.
Доколку ова право не биде искористено во целост, истото се пренесува во наредниот период, се до негово целосно искористување.

Доколку набавката и воведувањето на фискалната апаратура (до 10 фискални апарати) се врши во повеќе даночни периоди, за секој нов воведен систем на фискална апаратура се поднесува ново барање.

Барањето "ДД-07" даночниот обврзник го доставува до даночната канцеларија на УЈП или во електронска форма преку http://etax.ujp.gov.mk

При пополнување на барањето, податоците внесете ги читливо и целосно, со печатни букви. Податоците внесете ги во точно означените полиња. Не впишувајте ништо во полињата кои ги пополнува Управата за јавни приходи.
Износите се искажуваат во денари, без дени.

Во образецот задолжително се внесуваат податоците за: Единствен даночен број, скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт и даночен период за кој се поднесува барањето.

## Податоци за воведен фискален систем на опрема

Во табелата внесете ги податоците за видот на апаратот, бројот на решението за регистрација на фискалниот систем на опрема издадено од Управата за јавни приходи (доколку обврзникот има ставено повеќе фискални системи во употреба да се наведат броевите на решенијата за секој поединечен систем), датумот на решението и износот на набавениот фискален систем на опрема (набавната вредност намалена за ДДВ, за обврзник регистриран за целите на ДДВ, или набавна вредност со ДДВ за обврзник кој не е регистриран за целите на ДДВ).

## Прилози

При поднесувањето на ова барање задолжително се поднесува и:

- Копија од решение за регистрација на фискален систем на опрема ("ФА-02/1") добиено од Управата за јавни приходи, и тоа за секој набавен систем на опрема; и
- Копија од фактура за извршена набавка на систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања.

## Податоци за подносителот на барањето

Задолжително наведете го името, презимето и својството на потписникот, како и датумот на поднесување на барањето.
Не заборавајте своерачно да го потпишете ова барање и да ставите печат.